РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-332
13.12.2024 година / viti

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известувањето за престанување со емитување на радио програма од Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола, наш арх.бр.08-4697/1 од 18.11.2024 г., Изјавата, број УЗП 8584/2024 од 28.11.2024 г., наш арх.бр.08-4697/3 од 04.12.2024 г. од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-5070/3 од 12.12.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 12.12.2024 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола, е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-87 од 07.09.2023 г., кој емитува програма преку терестријален предавател, на локално ниво за подрачјето на Општина Битола, програмски сервис музичко – говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

На 18.11.2024 г., Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување (наш арх.бр.08-4697/1 од 18.11.2024 г.), дека Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола, поради настапена приватна околност (смрт на управителот) и тешката финансиска состојба не е во можност повеќе да емитува радио програма. По повод цитираното Известување, Агенцијата на 19.11.2024 г., со Допис, наш арх.бр.08-4697/2, го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјава заверена на нотар од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, во која задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола, престанува со емитување на радио програма, со наведување на точен датум на престанок со емитување на радио програма. Воедно, радиодифузерот беше известен дека со доставување на бараната изјава заверена на нотар ќе бидат исполнети законските услови, Агенцијата да донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери - Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола.

На 04.12.2024 г. до Агенцијата од Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола, беше доставена Изјава број УЗП 8584/2024 од 28.11.2024 г. заверена на нотар (наш арх.бр.08-4697/3 од 04.12.2024 г.), од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот – Марија Младеновска - Димитровска, дека Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола од 14.11.2024 г. престанува со емитување на радио програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го

избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираната писмена Изјава од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот (заверена на нотар), исполнети се законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., Известувањето за престанување со емитување на радио програма од Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола, наш арх.бр.08-4697/1 од 18.11.2024 г., Изјавата, број УЗП 8584/2024 од 28.11.2024 г. (наш арх.бр.08-4697/3 од 04.12.2024 г.) од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-5070/3 од 12.12.2024 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

______________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола;
- Управителот на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.